Врз основа на член 23 и 24 од Законот за процена ( Службен весник на Република Македонија бр. 115/10, 158/11, 185/11 и 64/12 ) Управниот одбор на Комората на проценувачи на ден 26.01.2013 година донесе;

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОЦЕНУВАЧИ И РЕГИСТАРОТ НА ОВЛАСТЕНИ ПРОЦЕНУВАЧИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за упис во Регистарот на проценувачи и Регистарот на овластени проценувачи.

Член 2

Барањето за упис во Регистарот на проценувачи се поднесува на образец- "Барање за упис во Регистарот на проценувачи", во А-4 формат на бела хартија, даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Барањето за упис во Регистарот на овластени проценувачи се поднесува на образец- "Барање за упис во Регистарот на овластени проценувачи", во А-4 формат на бела хартија, даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето.

Број<br>
26 јануари 2013

Претседател<br>
на Комората на проценувачи<br>
Надица Младеновска-Крцкоска

**Прилог 1**

**ДО**
**КОМОРА НА ПРОЦЕНУВАЧИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Б А Р А Њ Е**

за упис во Регистарот на проценувачи

Од ______________________________________________

(име, име на еден од родителите, презиме)

______________________________________________

(адреса и живеалиште на подносителот на барањето)

______________________________________________

(телефон и е-пошта на подносителот на барањето)

вработен во ______________________________________

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам Комората на проценувачи на Република Македонија да изврши упис во Регистарот на проценувачи на Комората на проценувачи согласно член 23 и 24 од Законот за процена.

Во прилог доставувам:

- копија од уверение за положен испит од обласа ;
- ______________________________________________
- ______________________________________________
- ______________________________________________

Место и датум                                        Подносител на барањето

_______________                                      ______________________

**НАПОМЕНА:** Барањето се пополнува во два примерока со печатни букви и задолжително се пополнуваат сите барани податоци.

**Прилог 2**

**ДО**
**КОМОРА НА ПРОЦЕНУВАЧИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# Б А Р А Њ Е

за упис во Регистарот на овластени проценувачи

Од ______________________________________________

(назив на друштвото/трговец поединец)

______________________________________________

(седиште на друштвото/трговец поединец)

______________________________________________

(телефон и е-пошта на подносителот на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам Комората на проценувачи на Република Македонија да изврши упис во Регистарот на овластени проценувачи на Комората на проценувачи согласно член 23 и 24 од Законот за процена.

Во прилог доставувам:

- копија од лиценца/лиценци за вршење процена од областа;
- копија од осигурување;
- копија од образец М1/М2 ( за вработени проценувачи );
- ______________________________________________

Место и датум ______________

Подносител на барањето ______________________

**НАПОМЕНА:** Барањето се пополнува во два примерока со печатни букви и задолжително се пополнуваат сите барани податоци.